

Венијамин (Васил) Христов Мачуковски(1847 – Цариград, 1878) е македонски преродбеник, просветен и црковен деец, собирач на народни песни и обичаи, граматичар и публицист. На 16 август 1872 година, како учител во Кукуш, го објавува во весникот „Право“ своето ***„Објавление за бугарска граматика на македонското наречје“*** . Многу години потоа, македонската наука ќе го посочи Манчуковски како еден од основоположниците на македонскиот книжевн јазик.

Венијамин (Васил) Христов Мачуковски е роден пред 1847 година во селото Мачуково,

Гевгелиско. Основното образование го стекнува во родното место и во грчките училишта во Ениџе Вардар и Солун. Уште како млад се закалуѓерува во Зографскиот манастир, каде од Партенија Зографски бил ракоположен за ѓакон.

Во 1861 година патува во Цариград, а од 1862 до 1864 учи во унијатското училиште во Солун. Во меѓувреме, во 1863 година, како ѓакон патува со монсињор Турок во Париз и во други градови во Франција.

Венијамин Мачуковски стапил во контакт со српскиот фолклорист, етнограф, нумизматичар и археолог Стефан Верковиќ и по негови инструкции собира стари ракописи, монети и народни умотворби. Истовремено Мачуковски добива  книги и списанија од Цариград, Србија и Романија, со содржини од областа на историјата и политиката што се важни за Македонија. Во 1864 година, тој прави опис на родното село Мачуково и на Megленската каза.

Во 1865 година, додека чека да биде испратен на школување во Белград, Мачуковски го напушта унијатското училиште и станува учител во Кукуш и ѓакон во црквата во Ениџе-Вардар. Но, наместо за Белград, по препорака на Руската мисија се запишува во Херсонската духовна семинарија, каде што учи во периодот од 1866 до 1869 година. Мачуковски таму го завршува V клас, но поради здравствени причини, на негово барање бил ослободен и се враќа во Македонија. Враќајќи се, во Цариград е уапсен поради носење револуционерна литература.

Во меѓувреме, текот на 1866 година, за време на неговото богословско образование, Венијамин Мачуковски во Одеса се сретнал со Георги Раковски и станал негов приврзаник. Во писмата испратени до Раковски тој го изразува својот патриотизам, а во 1869 година и готовноста „да умре за народност и отечество“.

По враќањето во Македонија во 1869 година работел како учител во родното место,  а наредната година ја прифаќа поканата која ја добил на поминувањево Солун да работи како учител. Така, тој од мај 1870 година ја презел должноста и работи истовремено како учител и член на Солунската црковноучилишната општина и нејзин писар.

По поканата на духовникот Павел Божигропски, кој од име на општината го кани да

дојде од Солун во Воден, Мачуковски на 11 мај 1871 година, на прославата на Св. Кирил и Методиј држи говор во црквата ***„во полза на народот“***. Мачуковски ја продолжува својата работа во интерес на народот и наредната година како учител на Кукуш ја критикува бугарската граматика како тешко разбирлива за македонскиот народ. Тој решава да издаде граматика на македонското наречје.

На 16 август 1872 година, во бугарскиот весник „Право“, Венијамин Мачуковски го објавува своето ***„Објавление за бугарска граматика на македонското наречје“.*** Во неа тој ќе објасни дека:
***„Изучувањето на бугарската граматика во македонските училишта е еден од најтешките предмети за учениците, заедно со тоа е и најбестолковен. Тој им одзема доста долго време, и тоа не пречи пак да немаат поим од граматиката. Тоа произлегува од несообразеноста во граматичките форми на досегашните издадени бугарски граматики со оние на македонското наречје“.***

Обидот на Венјамин Манчуковски да издаде граматика на македонското наречје бил спречен, по острата реакција од бугарскиот печат. За да го тргнат од Македонија, во септември 1973 година, бугарскиот егзарх го препорачува Мачуковски да биде примен како студент во „Московската духовна академија“.

По полагањето на приемниот испит во август 1874 година, Венијамин Мачуковски се запишал на Академијата. Меѓутоа тој повторно тешко се разболува и по совет на лекарот во јуни 1875 година повторно ја напушта Русија.

По враќањето во Македонија, Мачуковски станува учител во Гуменџе. Во учебната 1875/76 година предава граматика според својот ракописен учебник. Во летото 1876 година тој е веќе редактор на весникот „Источно време“, а кон крајот на март 1877 година го основува и го редактира весникот „Цариград“. Во времето на Српско-турската војна пишува во грчките весници „Траки“ и „Фили“.

Но, откако бил наклеветен дека бил руски шпион, Венијамин Мачуковски бил уапсен и пратен на заточение на Родос во 1877 година. По рускотурскиот мир во 1878 година, тој се враќа болен во Цариград и умира во една руска болница.Многу години потоа, македонската наука ќе го посочи Манчуковски како еден од основоположниците на македонскиот književn јазик.